Арх. бр.02-204/3 од 24.11.2020 година

Врз основа на член 56 од Статутот на ПСУ Американска Гимназија Скопје, Управниот одбор на ПСУ Американска Гимназија Скопје, на својата 12-та седница, одржана на ден 24.11.2020 година, го донесе следниот

# ПРАВИЛНИК
# за учење и дисциплина на учениците

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Предмет на правилникот

Член 1

Со Правилникот за учење и дисциплина на учениците, се уредуваат видот на средното образование и неговото траење, статусот на учениците, општиот успех на учениците, изведувањето на настава, дополнителна настава, педагошките мерки, издавањето на свидетелства и дипломи, како и целокупната административна подршка, дисциплината на учениците во училиштето и за време на часови и одговорноста за прекршување на општите правила предвидени со овој правилник и со закон.

Примена на правилникот

Член 2

Одредбите на овој Правилник се применуваат во сите служби на ПСУ Американска Гимназија Скопје ( во понатамошниот текст: Гимназија)

## II. ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ

Вид и траење на средното образование

Член 3

Во ПСУ Американска Гимназија Скопје средното образование се остварува преку наставни планови и програми за гимназиско образование, со времетраење од четири години.

Во Гимназијата може да се запишуваат редовни ученици кои завршиле основно образование.

Учениците во Гимназијата полагаат државна или училишна матура.

Гимназијата може да организира и програма за полагање на меѓународна матура.

Програмата за меѓународна матура е со иста важност како и гимназиското образование.

## III. УЧЕНИК

Статус на ученик
Член 4

Статусот на ученик во Гимназијата се стекнува со запишување во средното училиште.

Лице кое завршило основно училиште во странство може да се запише во Гимназијата ако му се нострифицира свидетелството стекнато во странство.

Престанок на статусот ученик
Член 5

Статусот на редовен ученик во Гимназијата престанува ако ученикот:
- го завршил средното образование;
- не се запише во роковите што се определени со статутот;
- се отпише;
- неоправдано не ја посетува наставата континуирано 25 наставни дена во текот на наставната година;
- е на издржување на казна затвор во траење подолго од шест месеци;
- двапати повторува во текот на средното образование;
- е исклучен од училиштето;
- поради боледување подолго од 6 месеци и
- поради бременост/породување.

Член 6

Ученикот кој сака да се отпише од Гимназијата, поднесува Барање за отпишување, во кое се наведуваат општите податоци за ученикот, како и причините за отпишување од Гимназијата.

Барањето се доставува до Раководителот на администрација и стручна служба, истото се заверува архивски и се доставува копија од барањето и во Службата за финансии.

Преведница
Член 7

Раководителот на администрација и стручна служба утврдува дали ученикот ги исполнува условите за отпишување и доколку ги исполнува, му се изготвува Решение за отпишување од средното училиште (преведница).

Во преведницата се впишуваат личните податоци на ученикот, година и вид на образование, насока-образовен профил, постигнатиот успех во прво и второ полугодие, оценката за поведението, изостаноци, датумот на престанок на посетување на Гимназијата, деловоден број и датум на издавање на предведницата, потпис на раководителот на паралелката и на директорот на Гимназијата и известување дека ученикот е запишан во друго средно училиште со потпис на директорот.

Копија од изготвеното Решение (преведница) се доставува и до Службата за финансии и во досието на ученикот.

Права на ученикот
Член 8

Ученикот, согласно Законот за средно образование и подзаконските акти, има права кои му се загарантирани, како право на изведување настава во согласност со пропишаните стандарди на Гимназијата, право на слободно искажување на мислењата и ставовите во текот на наставата, право на критичко размислување и искажување на истото, право да ја користи библиотеката и библиотечниот фонд, како и сите други достапни електронски бази на податоци, просторот, опремата (учебните помагала, материјалите во лабараториите), софтверот и друга научна инфраструктура на Гимназијата, како и други права.

Ученикот има право да ги заврши училишните години според наставната програма по која го започнал учењето.

Во случај на промена на наставната програма од страна на Бирото за развој на образованието, како и Министерството за Образование и Наука, ученикот има право да биде навремено информиран за промената на истата.

Ученикот има право да се консултира со педагог/психолог за одредени прашања и проблеми кои би настанале во Гимназијата, а би произлегле од наставниот процес, опкружувањето и средината.

Ученикот, има право на изјаснување за квалитетот на наставата и на наставниот кадар, односно надворешните и внатрешните соработници, преку спроведување на организиран процес на евалуација.

Ученикот има и други права кои му се загарантирани со Законот за средно образование, Статутот на Гимназијата и други акти.

Член 9

Ученикот има право да ги запише предметите кои се понудени, согласно наставната програма предвидена од Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието.

Во текот на училишниот процес, во повисоките училишни години, ученикот има право на избор на изборни предмети кои му се нудат согласно наставната програма.

Наставата по изборните предмети се одржува доколку се запишат на истиот предмети минимум 5 (пет) ученици за одржување на еден предмет.

Член 10

Општиот успех на ученикот се утврдува врз основа на годишните оценки од сите задолжителни предмети на крајот на годината, а за учениците упатени на поправен испит по завршувањето на поправните испити.

Оценките по одделни предмети ги утврдува предметниот наставник кој ја изведувал наставата по предметот.

Ако во реализацијата на наставата по еден предмет се вклучени повеќе наставници, оценката по предметот ја утврдуваат заеднички. Ако за оценката не може да се договорат, во тој случај конечно е мислењето на Наставничкиот совет.

Член 11

Ако ученикот не е задоволен со некои од годишните оценки што му се соопштени, во рок од три дена од соопштувањето на оценките има право да поднесе приговор до Наставничкиот совет на Гимназијата.

По поднесувањето на приговорот, наставничкиот совет свикува состанок на кој се разгледува приговорот и одлучува за неговата оправданост.

Наставничкиот совет може да одлучи оценката да ја потврди, да ја измени или да организира повторно проверување на знаењето на ученикот.

Доколку се организира повторно проверување на знаењето на ученикот, директорот формира комисија, во која по правило влегува раководителот на паралелката и наставникот од соодветниот предмет и уште еден наставник.

Процедурата за спроведување на тестирањето и оценувањето по приговор од ученик е уредена со посебен акт донесен од Гимназијата.

Одлуката донесена по приговорот на ученикот која е конечна, се изготвува во писмена форма со образложение во кое се објаснуваат причините за донесувањето на таква одлука.

Член 12

Учениците кои по завршувањето на годината имаат три и повеќе негативни оценки не ја завршуват односно ја повторуваат годината. Годинатане ја завршуваат ниту учениците кои во вториот испитен рок, определен за полагање на поправен испит не го положиле испитот (добиле негативна оценка) или кои од неоправдани причини не се јавиле на поправниот испит.

Во средното образование учениците, кои по завршување на годината добиле најмногу до две негативни оценки, по два предмети, се упатуваат на поправен испит по двата предмети. Учениците кои се упатени на поправен испит имаат право поправниот испит да го полагаат два пати во определени испитни рокови, по еднаш во двата испитни рока.

За учениците кои во последната година од своето образование, на крајот од учебната година имат една или до две негативни оценки, може да продолжат со полагање на поправниот испит и по вториот (августовски) испитен рок.

Член 13

Ако ученикот во Гимназијата од оправдани причини не ја следел наставата најмалку 200 часа од предвидениот број на часови и ако нема елементи за изведување на оценка полага испит на годината.

Испит на годината се полага по еден, повеќе од еден или по сите предмети, во зависност од тоа по кои предмети не посетувал настава.

Оправданоста на причините ја оценува Наставничкиот совет.

Ако ученикот во текот на наставната година направи најмалку една третина на изостаноци (оправдани и неоправдани) од вкупниот фонд на наставни часови, од одредени предмети од наставниот план, се упатува на полагање на испит на годината по сите предмети.

Овластениот орган донесува образложена одлука изготвена во писмена форма, која се заведува во деловодникот и соодветната педагошка евиденција со број и датум.

Поведение на ученикот
Член 14

Поведението на ученикот се оценува со: примерно, добро и незадоволително.

Со примерно поведение се оценува ученик кој:
- редовно ја посетува наставата;
- го почитува кодексот на однесување на учениците и
- нема повеќе од 10 неоправдани изостаноци.

Со добро поведение се оценува ученик кој нередовно ја посетува наставата и:
- има направено од 11 до 18 неоправдани изостаноци;
- има направено други повреди на должностите поради кои му е изречена писмена опомена од советот на паралелката или директорот;

Со незадоволително поведение се оценува ученик кој нередовно ја посетува наставата и:
- има направено од 19 до 26 неоправдани изостаноци;
- покажува недоволен успех по повеќе од пет наставни предмети во текот на наставната година и
- има направено потешка повреда на должноста и му е изречена педагошка мерка од Наставничкиот совет на училиштето.

Поведението не влијае врз општиот успех на ученикот.

Пофалби и награди за талентирани ученици
Член 15

Ученикот во Гимназијата кој покажува одличен успех и кој се истакнува со своите способности, знаења, работни навики и поведение може да бидат пофалуван односно наградуван.

Пофалбите и наградите му се доделуваат на ученикот за:
- примерно и совесно учење, залагање во работата и постигнатите резултати;
- залагање и успех во слободните ученички активности и активности во културно-научниот и спортскиот живот на Гимназијата и надвор од неа;
- примерно поведение и редовност во наставата без направен неоправдан изостанок во текот на целата наставна година и
- помагање на соученици кои имаат потешкотии во совладувањето на материјалот (туторство).

Наградите што ги доделува Управниот одбор и Наставничкиот совет може да бидат во книги, дипломи, билети за филмска, театарска претстава и други културно-уметнички и спортски приредби, бесплатно организирана екскурзија и друго.

Пофалбите што ги изрекуваат предметните наставници и класните раководители се усмени.

Пофалбите што ги изрекува Наставничкиот совет, Директорот и Управниот одбор се во писмена форма.

Доделување дипломи
Член 16

За постигнат успех на ученикот Гимназијата доделува дипломи и тоа:

- диплома за завршено средно образование и покажани исклучителни резултати и проширени и продлабочени знаења од областа на науката, уметноста и други видови дејност на талентиран ученик и
- диплома за завршено средно образование со континуиран одличен успех.

Дипломата од став 1 алинеја 1 на овој член се доделува на ученици кои учествуваат на ученички натпревари, олимпијади и слични манифестации од државен и меѓународен карактер.

Дипломата од став 1 алинеја 2 на овој член, се доделува на ученици кои покажуваат интерес и резултати во усвојувањето на знаењата по сите наставни предмети и во активностите во другите видови воспитно-образовна дејност на Гимназијата или надвор од неа.

Дополнителна настава
Член 17

Дополнителната настава се изведува со не повеќе од еден час неделно.

Дополнителната настава се изведува за ученици кои имаат потешкотии при совладувањето на наставниот материјал и им се потребни поголеми објаснувања, ученици кои имаат слаба оценка.

Дополнителната настава се спроведува со цел за подгинување на нивото на учениците, зголемување на нивниот интерес и знаење, како и нивна академска интергрвција во годината во која се запишани.

Ученик кој има повеќе слаби оценки е задолжен да учествува на најмногу две предметни дополнителни настави, односно вкупно четири часа неделно.

Член 18

Дополнителна настава се организира за ученици кои покажуваат континуирано слаби резултати во учењето, а особено ако:

- имаат најмалку две негативни оценки;
- имаат слаби резултати по одреден наставен предмет;
- отсуствуваат од наставата по одреден наставен предмет и
- на барање на ученикот или неговиот родител, односно старател.

Наставникот кој ја реализира наставата по наставниот предмет ги задолжува учениците кои имаат најмалку две негативни оценки за посета на дополнителна настава, а за учениците кои покажуваат послаби резултати дополнителна настава се организира по оценка на наставникот.

Ученикот кој е упатен на дополнителна настава во текот на еден месец посетува дополнителна настава најмногу по два наставни предмети со најмногу четири наставни часови по наставен предмет.

Доколку ученикот за кој наставникот определил задолжителна дополнителна настава не ги посетува часовите по дополнителна настава, ученикот добива неоправдан изостанок.

За упатувањето на ученикот на дополнителна настава наставникот задолжително го известува родителот, односно старателот.

Член 19

Распоредите за дополнителна настава се истакнуваат на огласните табли во Гимназијата, како и на други уреди за информирање на учениците, со цел тие да бидат навремено информирани за одржувањето на наставата.

Член 20

Ученикот кој во текот на образованието во Гимназијата се истакнува со способности, знаења и работни навики и има одличен успех, може побрзо да напредува односно да заврши две години во текот на една учебна година

Гимназијата со посебен акт ги определува условите под кои ученикот може побрзо да напредува.

Член 21

Ученикот е должен да се запознае и да се придржува кон Статутот на Гимназијата, Етичкиот кодекс за однесување и другите акти на Гимназијата.

Непридржувањето кон актите од став 1 на овој член може да претставува основ за превземање на дисциплински мерки.

Фалсификувањето и манипулирање со официјалните документи на Гимназијата е дело кое предвидува исклучување на ученикот од Гимназијата.

За кршењето на правилата на ред и дисциплина, непридржување на учениците кон правилата на Гимназијата, како и за евентуално водење на дисциплинска постапка, без одлагање, ќе бидат известени родителите на ученикот или старателите.

Педагошки мерки
Член 22

Во случај на повреда на должностите, етичките и моралните вредности, непочитување на Кодексот за однесување и неисполнување на обврските од страна на учениците, предвидени се педагошки мерки како санкција за стореното дело.

Педагошките мерки се изрекуваат објективно, одмерено праведно и педагошки одговорно.

Педагошките мерки се изрекуваат индивидуално за секој ученик, по претходно согледување и анализирање на околностите кои довеле до потребата од нивно изрекување.

Пред да се изрече било каква педагошка мерка, се разговара со ученикот и неговиот родител, односно старател. Разговорот се води пред комисија составена од раководителот на паралелка, наставник, стручен соработник (педагог/психолог), а по потреба и директор, за што се води записник за извршениот разговор.

При изрекувањето на педагошките мерки не треба да се навредува личноста на ученикот.

Видови педагошки мерки
Член 23

Заради повреда на должностите и неисполнување на обврските, на ученикот можат да му се изречат следниве дисциплински мерки:

- Усна опомена;

- Писмена опомена од класен раководител;
- Писмена опомена од Директор (укор);
- Писмена опомена пред исклучивање од Гимназијата и
- Исклучување од Гимназијата.

Педагошките мерки се применуваат постапно.

Усна опомена
Член 24

На ученик кој неоправдано отсуствувал од настава минимум 10 часа, како и за некои други полесни повреди на правилата на однесување, му се изрекува усна опомена од страна на раководителот на паралелката.

Усно ќе се опомене и ученик кој е за време на часовите се однесува непристојно, зборува и не го почитува часот и предметниот наставник.

Писмена опомена од класен раководител
Член 25

Педагошката мерка писмена опомена на ученик ја изрекува класниот раководител заради повреда на должностите и неисполнување на обврските, и тоа за:

- Почесто доцнење на наставата;
- Неоправдано изостанување од наставата (од 11 до 14 неоправдани изостаноци) и други видови на образовна работа (секции, семинари..);
- Колективно изостанување од училишните часови;
- Нарушување и попречување на наставата и друг вид на образовна работа;
- Непримерно однесување со другите ученици во паралелката и училиштето;
- Непримерен однос кон професорите и кон другите вработени во училиштето;
- Неодговорен однос кон училишниот имот;
- Нарушување на училишниот ред;
- Однесување кое е штетно за угледот на Гимназијата и
- Други облици на непримерно однесување.

Писмена опомена од Директор (укор)
Член 26

Педагошката мерка писмена опомена ја изрекува Директорот на ученик кој има од 15 до 18 неоправдани изостаноци, заради повреда на должностите и неисполнување на обврските на горенаведените облици на непримерно однесување во потежок вид.

И во случаите кога на ученикот треба да му се изрече педагошка мерка опомена од класен раководител, може да му се изрече дисциплинска мерка опомена од Директор, доколку тоа е оправдано.

Опомена пред отстранување на ученик
Член 27

Педагошката мерка опомена пред отстранување на ученикот од Гимназијата ја изрекува Директорот по предлог на Наставничкиот совет, заради повреда на должностите и неисполнувањето на одговорностите на ученикот во случаите кога:

- Континуирано краде од инвентарот на Гимназијата и лаже;
- Доаѓа во Гимназијата под дејство на алкохол или дрога;
- Поседува или ужива дрога или алкохол во Гимназијата, односно училишното шкавче;
- Го уништува училишниот имот и имот на соучениците и вработените во Гимназијата;
- Врши преправање на резултатите од писмените работи или фалсификува потпис на родител или наставник;
- Нелегално искористува (пробива) тестови, писмени задачи и сл.;
- Не ги почитува соодветните правила за заштита при изведување на практичната работа професионалната практика и противпожарната заштита во Гимназијата;
- Внесува предмети и средства во Гимназијата со кои ги загрозува сигурноста на учениците и вработени и умотот на Гимназијата;
- Почесто манифестира вандалско и девијантно однесување за време на изведување на часовите, по завршувањето на истите, во училишниот двор, за време на паузите и
- Има помеѓу 19 и 22 неоправдани изостаноци.

Отстранување на ученик од Гимназијата
Член 28

Педагошката мерка отстранување на ученикот од Гимназијата, како најтежок вид на санкција, ја изрекува Директорот на Гимназијата, по предлог на Наставничкиот совет заради повреда на должностите и неисполнување на обврските на ученикот за:

- Потешки повреди на училишниот ред и нивно натамошно зголемување;
- Психичко, физичко и полово насилство;
- Насилно изразување на нетрпеливост кон другите во Гимназијата;
- Намерно прекршување на правилата за заштита при изведување на практична настава, професионална практика и заштита од пожари заради настанување штета;
- Продажба на дрога или наведување други лица кон уживање на дрога поради што се загрозува животот и сигурноста на учениците и вработените;
- Фалсификување или уништување на педагошка документација и евиденција, дневници, свидетелства, дипломи, евидентни листови за успехот на учениците, танскрипти или во потежок случај, електронските бази на податоци;
- Закана со средства со кои лесно може да се загрози животот на учениците и вработените во Гимназијата;
- Зачестени поведенија на девијантно и вандалско однесување
- Има помеѓу 23 и 26 неоправдани изостаноци и
- Други случаи за кои Директорот ќе оцени дека е потребно да се изрече ваква педагошка мерка.

Поведување на постапка за изрекување на дисциплинска мерка
Член 29

При донесувањето, односно изрекувањето на педагошката мерка, особено се земаат предвид зрелоста на ученикот, побудите заради кој го направил прекршокот, односно настанала повредата, размерите на можните последици и другите околности значајни за изрекување на педагошки мерки.

Пред изрекување на педагошка мерка се утврдуваат фактите во целост, врз основа на прибрани докази за сторената повреда на ученичките должности и неисполнување на обврските од страна на ученикот, за да може објективно да се утврди одговорноста на ученикот и ако се исполнети условите да се изрече соодветна мерка во зависност од тежината на повредата и степенот на вината на ученикот.

Член 30

Предлог за поведување на постапка за изрекување на педагошка мерка може да поднесе раководителот на паралелката, наставник или некое друго лице кое работи во Гимназијата, како и родител или ученик.

Постапката за изрекување на педагошките мерки ја води раководителот на паралелката. Тој, во рамките на своите надлежности, води писмена документација за преземените дејствија за спречување на повредите на должностите и неисполнувањето на обврските на учениците.

Документацијата треба да ги содржи податоците за одржани средби со родителот/старателот на ученикот, со самиот ученик, стручниот соработник, писмените известувања до родителот, во одредени случаи и до надлежните органи и сл.

Член 31

Родителот, односно старателот на ученикот треба да учествува при водењето на постапката за изрекување на педагошката мерка, во смисла да присуствува на закажаните средби со раководителот на паралелката, на средбите со стручните соработници, педагог/психолог, предметниот наставник или директорот на Гимназијата.

Во случај на отсуство на родителот од закажаните средби, му се испраќа на домашна адреса покана за закажана средба со назначено време за одржување на средбата, цел на разговорот и слично.

Во случај кога родителот не се појавува на повиканиот разговор, а притоа минимум двапати е повикан во Гимназијата, изрекувањето на педагошката мерка се врши во негово отсуство.

Член 32

Изречената педагошка мерка се составува во писмена форма и се образложува со цел да биде разбирлива и се објаснува поради што е донесена таквата мерка, на која што е ставена и правна поука и се доставува до ученикот и неговиот родител.

Изречената педагошка мерка се внесува во педагошката документација на ученикот.

Во текот на учебната година кога ќе се утврди дека педагошката мерка ја постигнала својата цел, може истата да се укине со одлука од Директорот.

За укинувањето на мерката се известуваат ученикот и неговиот родител/старател.

Доколку се утврди грешка или пропуст при изрекувањето на педагошката мерка, истата ќе биде променета или ќе се укине. За промената се известува ученикот и неговиот родител односно старателот.

Полагање на испити
Член 33

Ученикот ја следи наставата редовно во текот на целата училишна година.

Наставата за редовните ученици се одвива во четири училишни години.

Следењето на напредокот, проверувањето и оценувањето на постигнувањата на учениците се одвива континуирано во текот на наставната година.

Наставниците ги проверуваат предзнаењата на учениците, ја следат нивната активност во наставата и ги оценуваат нивните постигнувања во однос на целите што се предвидени со наставните програми, како што се нивото на усвоени знаења, стекнати вештини за примена на знаењата, способноста за анализа, воопштување и формирање на сопствени ставови.

Предметниот наставник ја утврдува оценката и е одговорен за валидноста и објективноста при оценувањето.

Член 34

Доколку Ученикот не е задоволен од оценката на крајот на годината, има право да поднесе приговор за истото.

Наставничкиот совет е должен во рок од три дена по поднесениот приговор за оценката, да состави Комисија за разгледувања на приговорот.

Комисијата треба да се состои од три члена, од кои едниот е секогаш наставникот кој го држи предметот.

Комисијата има право да го отфрли приговорот доколку смета дека е неоснован, како и да ја потврди оценката или да ја поправи.

Одлуката од комисијата која е донесена, односно решението се доставува до ученикот и неговиот родител, односно старател.

Структура на оценување на редовните ученици
Член 35

Во текот на училишната година, учениците се оценувани за своето знаење и за вештините со кои тоа го изнесуваат.

Оценувањето на учениците е поблику определено со Правилникот за оценување на ученици.

Оценувањето се врши 4 пати во годината и тоа се дели на 4 квартала, односно две полугодија.

Стекнување на свидетелство и диплома
Член 36

Со успешно завршување на предвидените предмети од наставната програма, како и со солидно поведение на крајот на учебната година, на учениците им се издава свидетелство за завршена учебна година.

Учениците се стекнуваат со диплома за завршено средно гимназиско образование
кога:

- Успешно се завршени сите четири години гимназиско образование и
- Успешно е положена државната матура или училишна матура

Доколку не се исполнети условите за стекнување на диплома за завршено средно образование став 1 и став 2 на овој член, учениците ќе треба да ги полагаат испитите и да ги положат за да ја завршат годината, односно да ја положат државната или училишната матура и да се стекнат со диплома.

Член 37

Во Гимназијата, покрај ученици кој завршиле основно образование во земјата, може да се запишат и ученици кои своето образование или дел од него го вавршиле во странство.

Странските ученици, односно учениците кои завршиле одредено образование во странство, се запишуваат под исти услови како и македонските граѓани, односно ученици.

Странските ученици дополнително треба да достават како документ и Решение за нострификација, кое се издава како доказ за верификација и еквиваленција на образованието.

Административна поддршка
Член 38

Од моментот на запишување на учениците во Гимназијата, како и во текот на училишните години, се води училишно досие кое содржи:

- Апликација за упис во Гимназијата;
- Сведителствата од 5-то до 9-то одделение;
- Извод од матична книга на родени;
- Фотографија (мала);
- Договор за упис;
- Преведница (за оние ученици кои се префрлени од други училишта) и
- Решение за нострификација (за ученици кои претходното образование или година на учење во средно школо го завршиле во странство).

Член 39

Личните податоци на учениците како и на нивните родители се заштитени согласно Законот, Статутот и други акти донесени од страна на Гимназијата.

Арх. бр.02-204/3 од 24.11.2020 година

Преодни и завршни одредби
Член 40

Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото донесување.

За се она што не е уредено со овој правилник, важат одредбите од Законот за средното образование како и поединечни правилници донесени од Гимназијата.

Правилникот да се достави до Управниот одбор, Директорот, генералниот секретар и до архивата на ПСУ Американска гимназија Скопје.

Американска Гимназија Скопје
Претседател на Управен одбор

______________________________
Венера Крлиу Ханџиски